# 17-ТИ ДЕКЕМВРИ, МЕЃУНАРОДЕН ДЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

# ОД НАС ЗА НАС

**Списание направено од сексуални работници за сексуални работници**

**Декември**
**2009**



# 17-ти Декември, Меѓународен ден за борба против насилството врз Сексуалните работници




Овој Декемвриски број од нашето списание го посветуваме токму на празникот на сексуалните работници, **17-ти Декември Меѓународен ден** кога илјадници сексуални работници и нивни поддржувачи маршираат по улиците и преку свои активности и пренесуваат порака на јавноста со цел да се спречи насилството кое што секојдневно се врши врз сексуалните работници. Ниту едно насилство не смее да заврши со молк!!!

Трета година по ред здружението на сексуалните работници **СТАР, заедно со своите партнери Хопс** и **Коалицијата за заштита и промоција на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници**, спроведуваат конкретни активности вклучувајќи ги сите Сексуални работници од целата земја и нивни поддржувачи во одбележувањето на овој ден. Во оваа акција сте вклучени и сите вие. Трета година по ред ќе ги отвориме црвените чадори и ке пренесеме јасна порака до јавноста и сите оние од кои што сме омаловажувани и малтретирани: **Стоп за насилството врз сексуалните работници!!!**

**Зошто делиме црвени чадори и кој го користи црвениот чадор?**

Црвениот чадор за прв пат беше искористен од сексуалните работници и сојузниците во Венеција, Италија во 2001 година.Таканаречениот Прв светски конгрес на сексуалните работници беше уметничка инсталација на Словенскиот уметник Тадеј Погачар, ставена во рамките на на 49-тото Венециско биенале помеѓу 6-ти и 8-ми Јуни 2001 година. Организиран на јавен простор под шатор во "Павилион на проститутките", настанот имаше група учесници и индивидуалци од Тајван, Тајланд, Камбоџа, Виетнам, Италија, Германија, Соединетите американски држави, и Австралија.

Тие ја презентираа ситуацијата на пазарот и дискутираа за стратегија за борба за човековите права на сексуалните работници. Тие организираа видео проекции, изложби, преформанси, уличен театар од активисти, и дистрибуираа. Една од актиностите беше маршот на црвениот чадор. Сексуалните работници маршираа низ улиците на ёвенеција и користеа мегафони и црвени чадори, со што укажуваа на лошите услови за работи и злоупотребите на човековите права со кои тие се соочуваат. Маршот започна пред шаторот на павилионот движејќи се кон центарот на градот. Рутата на маршот ја инкорпорираше гографијата на општествената историја на сексуалните работници, започнувајќи од познавите Венецијански куртизани како Вероника Франко и Гаспара Стампа па се до денес.

Во 2005 година Меѓународниот комитет за правата на сексуалните работници (МКПСР) го усвои црвениот чадор како симбол за отпорот против дискриминацијата. Иницијативата беше поздравена од заедницата и од групи сексуални работници. Нешто што започна како едноставна идеја сега станува глобален симбол за правата на сексуалните работници.

Црвената е боја на убавината, а чадорот го претставува отпорот против небесните и човековите напади. Тоа ја симболизира заштитата на сексуалните

работници од злоупотребите на полицијата, макроата, клиентите, како и општесвото кое нема знаење и е пристрасно.
Сите знаат што значи црвената панделка. Црвениот чадор би можел да го има истото глобално влијание!



**Зошто токму на 17-ти Декември, и што значи овој ден?**

17-ти Декември е Интернационален ден на крај на насилството врз сексуалните работници. Овој настан беше организиран со цел да се обрне внимание на криминалните дејства кои се вршат вра сексуалните работници низ целиот свет. Настанот е идеја на д-р Ени Спринкл, а започнат од Проектот за разбирање на сексуалните работници во САД како спомен и бдеење за жртвите на убиецот од Грин Ривер во Сиетл, Вашингтон.

Сакав да убијам колку што можев повеќе. Знаев дека никој нема веднаш да ги пријави за исчезнати, па дури можеби и никогаш нема да бидат пријавени. Собирав проститутки затоа што мислев дека можам да убијам колку што сакам од нив без да бидам фатен'. Гери Лајон Ридвеј беше осуден на 48 доживотни казни затвор и му беше изречена казна во висина од 10,000 долари за секоја убиена жртва на 18-ти декември 2003 година.

Нееднаквата законска заштита е она што дозволува проститутките да им бидат робови на макроата, да бидат тепани, силувани и убивани. Доколку се декриминализираат, сексуалните работници би биле заштитени од криминалците како и секој друг граѓанин. Дополнително, огромни средства од јавните приходи се трошат се трошат на спроведување сексуален 'криминал' кој интимно се случува, а за кој учесниците се согласни и нема никакви жртви.
Меѓународниот ден запирање на насилството против сексуалните работници ги охрабри работниците од целиот свет да се здружат и да се организираат против дискриминацијата и да се потсетат на жртвите од насилството. Во текот на календарската недела во која се паѓа 17-ти декември, организациите за правата на сексуалните работници ќе преземат акција и ќе бдеат за да ја подигнат свеста за насилството ое често се извршува врз сексуалните работници.
Нападите, тепањето, силувањето и убиствата на сексуалните работници мора да запре. Постоечките закони не им овозможуваат на сексуалните работници да го пријават насилството врз нив. Стигмата и дискриминацијата кои се производ на прохибициските закони го направи прифатливо насилството врз нас.
**Ве молиме придружете им се на сексуалните работници низ целиот свет и застанете против криминализацијата и насилството врз**



# Недела на Човекови права

10-ти Декември е Светски ден на Човековите права. Дневниот центар на Хопс со свои активности одбележа “Недела на Човековите права”. Неделата на човековите права беше одбележана со следните активности кои одат по редослед, некои од вас беа дел од овие активности, а некои се уште можат да бидат:

Четврток 10.12. Прикажување на филм и дискусија на тема:Човекови права.

Понеделник 14.12. Работилница на тема– Законска регулатива во однос на СР и придобивки од легализација на СР.

Вторник 15.12. Прикажување на филм “Треба да знаеш за мене” и дискусија после тоа.

Среда 16.12.Цртање на тема 17-ти Декември и Човекови права

Четврток 17.12. Прикажување филм “Треба да знаеш за мене” и дискусија после тоа, пишување пораки на црвен чадор, и забава помеѓу сексуалните работници во Дневниот центар.

# Една година од издавањето на весникот “Од нас за нас”




Почитуван читателу,

Со издавањето на овој број изготвен и наменет за работниците во сексуалната индустрија одбележуваме една година од постоењето на весникот. Првиот број на списанието беше испечатен во месец Декември минатата година и со ова декемвриско издание го одбележуваме првиот роденден на весникот. Во изминатата година имавте можност да читате и да се едуцирате од темите кои што ние како сексуални работници сметавме дека би биле интересни за вас, “сексуална работа кај нас и во светот”, пишувавме и ви дававем корисни совети како да ги зачувате своето “здравје и убавина”, а исто така се надеваме преку рубриката “Човекови права” ги спознавте вашите човекови права како еднакви на сите луѓе кои што живеат во општеството.

Списанието “Од нас за нас” испечати 10 изданија и ви ги поклони како материјал од едукативен и забавувачки карактер истовремено. Да си посакаме уште една успешна година!

Срекен роденден “Од нас за нас”

Уредничкиот тим на СТАР

Здружение на сексуални работници

# Македонија е транзитна земја и крајна дестинација на трговијата со жени за присилна проституција

Иво овој објавен извештај превземен од “Гласот на Америка на Македонски јазик” Македонија ја носи етикетата на транзитна земја и земја на крајна дестинација кога се зборува за трговијата со жени и девојчиња за присилна проституција, особено во туристичките области на Охрид и Струга, и градовите со мнозинство албанско население, Тетово и Гостивар. Од реѓионот на последните два града било практично невозможно да се дојде до официјални податоци. Во Македонија жените се внесуваат законски или незаконски од Србија и Бугарија, а се изнесуваат од земјата преку Дојран и Гевгелија во Грција, или преку Струга во Албанија. Со ваква трговија се занимаваат мрежи на организираниот криминал кои оперираат на Балканот, а кои инаку се инволвирани и во трговијата со дрога и оружје.

Меѓутоа, криминалниот бизнис опаднал за време на кризата во Македонија, така што како што вели извештајот многу барови за проституција биле затворени, а ресурсите пренасочени кон трговијата со оружје.

Податок собран од различни извори е дека во Македонија се присутни помеѓу 1500 и 2500 жртви на трговија со луѓе и присилна проституција, Селото Велешта во близина на Албанската граница е добро познато по присилна проституција меѓутоа полицијата не превзема некоја посериозна акција, се вели во извештајот. За успешно справување со илегалната трговија со луѓе во Македонија, проблем се и законите. Имено, според извештајот полицијата сеуште ги смета жртвите за сторители, третирајќи ги како проститутки, а многубројни непрофитни организации сеуште работат на камањи за заштита и помош на овие жени. Македонија ги има потпишано, но не и ратификувано Протоколите од Палермо против трговијата со луѓе. Проституцијата во земјава е нелегална, меѓутоа не и медијаторството.

Трговијата со луѓе може да се подведе под повеќе одредби од постојните закони. Специфичен закон, или член во закон не постои, што за изработувачите на овој извештај е доказ дека прометот со луѓе не е криминализирана дејност. Според податоци од Републичкото јавно обвинителство подведени под други применливи основи, меѓу 1995 и 2001, биле уапсени 147 лица. Меѓутоа досега се завршени само 30 случаи. Единствениот позитивен пример на ангажирање на  Владата во заштита на жртвите на трговијата со луѓе е отварањето на засолниште под надзор на Министерството за Внатрешни работи, во Март 2001 година, со капацитет за 20 до 30 лица.



# Пет митови за вашето здравје и начинот на исхрана

Иако најчесто митовите може да бидат поткрепени со факти, најчесто тие се базирани на мислења кои немаат никаква поврзаност со начинот на кој функционира нашето тело.Ова се петте најголеми заблуди и митови поврзани со нашето здравје и начинот на кој треба да се храниме:



**1.Не треба да вежбаме после јадење**

Веднаш после оброкот 10 до 15% од целиот крвен капацитет се насочува кон дигестетивниот тракт со цел да се подготви дигестија на храната. Познато е дека кога вежбаме и нашите мускули имаат поголема потреба од крв за да се снабдат со доволно кислород и храна, па затоа вежбањето веднаш после јадење може да предизвика оптеретување на нашиот крвен систем и циркулацијата. Овој мит е базиран токму врз основа на ова верување. Сепак, сосема е во ред да се вежба после оброк, но се додека вежбите не се до толку интензивни за вашите мускули за тие да имаат голема потреба од кислород, а истовремено и вашиот желудник да се бори со хранат-при што навистина може да дојде до грчеви.

Значи, нема никаква причина да се откажете од лесна прошетка или пливање после ручек, но избегнувајте интензивни вежби кои сепак може да го оптеретат вашиот желудник.

**2. Јадењето навечер придонесува за несакани килограми**

Ова е можеби најраспространетиот мит од сите, иако сите испитувања до сега покажуваат дека јадењето доцна навечер воопшто нема да ви донесе вишок килограми, доколку вашиот дневен внес на калории одговара со потребите на вашето тело. Калории се калории, без разлика кога ќе ги внесете во организмот. Битен е вкупниот број на калории кои ќе ги внесете, а не во кој период од денот.

**3. Витаминот Ц штити од грип и настинка**

Луѓето сеуште веруваат дека овој витамин го штити здравјето како ниедна друга состојка, а тоа е погрешно. Сепак, овој суплемент може да се покаже како корисен кај луѓето кои имаат витамински дефицид или кај личностите кои редовно се изложуваат на екстремна физичка активност која може да биде штетна за нивниот имунитет. За сите останати, 200мг. Витамин Ц дневно може да ги ублажи симптомите на настинка за некои 8 часа колку толку, но сите испитувања покажуваат дека тој е тотално бескорисен како заштита од вироза или грип.

**4. Млекото создава премногу слуз во дигестетивниот тракт**

Ви кажале некогаш дека не треба да пиете млеко кога сте болни? Бабини деветини....Многумина веруваат дека млекото предизвикува слуз и поради тоа тие престануваат да го конзумираат за време на болест. Но, ниту ова не е точно, затоа што млекото само ни дава такво чувство во устата. Испитувањата покажуваат дека организмот воопшто не е во можност да произведе повеќе слуз, а со тоа да предизвика некакво запечување доколку се конзумира млеко за време на настинка..

**5. Треба да пиеме по 2 литри вода дневно**

Испитувањата извршени во 40-тите години од минатиот век покажаа дека еден возрасен човек треба да конзумира по 2 литри вода дневно, со цел да ја одржи својата хидратација. Ако сеуште немате забележано, веќе е крајот на 2009 година, а ние сме во 21-от век. Ова застерено испитување воопшто ја нема опфатено водата која ја внесуваме преку храната, а таа и тоа како ги менува заклучоците. Дури и еден препечен тост содржи ¼ вода. Количината на потребни течности зависи од активноста и големината на телото.

Па, како ќе знаете дали внесувате доволно вода? За да ви го поедноставиме мерењето, ќе ви го претставиме тоа вака...Ако имате доволно течности, во текот на денот ќе уринирате по 2 до 3 пати. Се останато е претерување од кое нема да имате апсолутно никаква корист.



# Парфеми и правилно нанесување

Најверојатно понекогаш покрај тебе поминал некој кој ти се чини дека се избањал со парфемот, па ти треба воздух или гас маска за да ти пројде вртоглавицата која ти ја предизвикал, особено ако се работи за лош и тежок парфем. Нанесувањето на парфемот е вистинска уметност и со право може да се нарече така, бидејќи е навистина тешко да се погоди вистинската мерка. Еве неколку совети....

Најдобро е парфемот да се нанесе пред облекување на било кое парче облека или накит, односно на голо тело. Некои парфеми може да оставaт трајни дамки на облеката. Исто така, добро е да се навлажни кожата пред нанесување на парфемот, бидејќи вака неговиот мирис ќе трае подолго. Сепак малку парфем треба да се нанесе на следниве места: на двата рачни зглобови, на долниот дел од вратот, позади ушите, од внатрешната страна на лактовите и помеѓу градите. Најверојатно од постарите тетки сте виделе како по нанесувањето на парфемот на рачните зглобови ги тријат еден со друг, демек за да се засилел мирисот. Погрешно. Имено, со триењето на зглобовите се добива сосема погрешен ефект-мирисот на овој начин се крши.

Доколку го нанесувате парфемот и на коса, правете го тоа единствено доколку е косата свежо измиена. Доколку парфемот го нанесете на неизмиена и мрсна коса, природната маснотија која се наоѓа на неа ќе го измени мирисот на парфемот. Доколку нанесувате парфем на косата, правете го тоа на растојание од 20-тина сантиметри.

Од време на време менувајте го парфемот. Научно е докажано дека мирисите имаат силно влијание на нашите емоции и начинот на размислување. Значи менувајте го парфемот на секои три или четири месеци, или со промената на годишното време.

Различните мириси се нанесуваат во различни количини. Нормално, колку е посилен и попродорен, треба да се нанесува помалку. По нанесувањето, за ориентација во иднина прашајте некој од најблиските како им се чини, дали сте ставиле премногу или премалку. STAR



# СЕКСУАЛНИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА

**Прашањата за сексуалната работа и сексуалните работници во Република Македонија не се уредени. Самиот факт што единствениот термин што се среќава во националното законодавство (КЗ и Законот за прекршоцитепротив јавниот ред и мир) е „проституцијата", како и поместувањето на одредбите во врска со проституцијата во закони со кои се санкционираат дејствија, говори за односот на општеството кон ова прашање. Сексуалната работа во РМ не се признава како дејност.Што се тоа сексуални и репродуктивни права?**

# Манифест на Сексуалните работници

**Манифестот на сексуалните работници е создаден и прифатен од 120 сексуални работници од 26 земји.**

Доаѓаме од многу различни земји, од многу различни опкружувања, но откривме дека се соочуваме со истите проблеми на работа и во секојдневниот живот. Живееме во општество во кое се продаваат и купуваат различни услуги. Сексуалната работа е една од тие услуги. Таа не треба да криминализира. Како граѓани на ова опшетство имаме потполно право да ги уживаме сите права кои ни ги носи законот. Имаме право да побараме, или да кажеме:

**- жртвувањето на сексуалните работници од религиозни или морални причини е неприфатливо**

**-да го осудиме лицемерието во нашите општества каде нашите услуги се користат, но нашата професија се смета за нелегална**

**- да побараме сексуалните работници да бидат заштитени со законите против дискриминација**

**- да го побараме правото да можеме да ги пријавуваме злоставувањата против нас, без притоа да сме цел на одмазда.**

**-да побараме заштита од оние кои ни се закануваат нам и на нашите семејства и нивно разоткривање**

**- да покажеме дека ние не сме потенцијални преносители на полово преносливи инфекции**

**- да побараме да се отфрли митот дека сме валкани и нечисти**

**- да побараме крај на законите кои не криминализираат нас и оние со кои работиме, нашите клиенти и нашите семејства**

Да не молчиме!!!

Да го побараме она на кое што имаме право.

Кога?

17-ти Декември Меѓународен ден за борба пртив насилството врз сексуалните работници



# ПРЕДВИДУВАМЕ ЉУБОВ ВО ДЕКЕМВРИ



**ОВЕН -** Љубов на ова поле ќе бидете доста снаодливи и одлично ќе знаете да ги издвоите добрите од лошите збиднувања. Благовремено ќе се умилкувате околу партнерот за да ја подобрите ситуацијата. За некое признание нема да имате храброст да го кажете директно во очи, па тоа најверојатно ќе го сторите по телефон. Оние заљубените одлично ќе функционираат под силно дејство на еротските импулс. Но, ако не успеат во своите намери, нека очекуваат разочарување, бес и комплекси.



**БИК -** Љубов  сензуалните бикови благодарение на Венера имаат голема  дарба за  нежно заведување со моќта  на зборовите. Вашата упорност секогаш на крај се исплати, па така и сега резултатот очекувајте го најдоцна до 15 декември. Ако погледот сте го насочиле кон нечија жена или маж најдобро е ништо да не превземате, сега не е добар период за вакви авантури. Оние останатите кои се веќе во врска нека не дозволуваат да завладее со нив љубомората и недовербата особено кон средината на месецот. Ако не можете да се контролирате тогаш околу 22 декември, очекувајте тензија. Останатиот период ќе го поминете во прегратките на саканата личност во планови за новогодишните празници.



**БЛИЗНАЦИ -** Љубов како вистински мајстор за комуникација ќе бидете посакувани и барани во друштво. Тоа посебно ќе ве импресионира и ќе ве стави на посакуваниот пиедестал. Некому, почнувате премногу да му верувате. Некаде по пат ја изгубивте вашата контрола над ситуацијата, и што е пострашно од се, убедени сте дека вие ја контролирате истата. Но, дали е така? Токму за ова кон крајот на месецот очекувајте сознанија дека сепак, сте  погрешиле. Слободните близнаци во присуство на една личност ќе почувствуваат топли чувства кои ќе им ја раздвижат крвта.



**РАК -** Љубов веќе сте на прагот од многу важен момент, кога сте подготвени да и соопштите на саканата личност некој предлог на кој сигурно нема да може да му одолее. Периодот на недоразбирања и разни двоумења е веќе зад вас.

Сепак,на ова поле ви претстои измама од личност во знакот на скорпија. Затоа не верувајте на разно-разни гласини, и пренесување на пораки од некој друг. Верувајте во себе, своето срце и своите очи. Само на овој начин ќе ја заштитите вашата љубов од несакани последици.



**ЛАВ -** Љубов немојте да се грижите и оставете по оваа патека да ве водат чувствата. Немојте да правите бизнис план на полето љубов. Само така ќе бидете отворени и искрени пред партнерот. Само на овој начин можете да и дозволите на љубовта да излезе од вас, а не да ја чувате внатре некаде длабоко не допрена од никого. Во текот на декември ќе имате одлична шанса за докажување на дело. Оние припадници кои се во врска ќе мора да бидат потактични. Своите стандарди ќе треба да ги постават во улога на градење на својата среќа и зацврстување на врската. Посветете поголемо внимание и вложете труд во изградба на вашиот изглед, бидете привлечни во секое време.



**ДЕВИЦА -** Љубов слободните припадници ќе сретнат сродна душа, ќе поминат пријатни мигови во долги разговори. Засега се ќе остане на ова. Оние кои се во врска ќе покажуваат индиферентно однесување кон партнерот кое ќе ги заврти на друга страна. Така своите желби и страсти ќе мора да ги задоволат во некој друг кревет. Бидете внимателни партнерот веќе почнува да се сомнева. Наш совет е да воспоставите некаков баланс на двете страни.



**ВАГА -** Љубов  како љубител на флертови и авантури нема да застанете ни сега. Пред вас е богат месец на љубовно поле. Особено периодот од 7-ми до 22-ри декември. Оние кои се во врска на се ќе гледаат со доза на идеализам. Па бидејќи партнерот не е принц од бајки најдобро ќе биде да ја сменат бајката. Слободните припадници нема да успеат да освојат личност во знакот на лав, но тоа не значи дека ќе им недостасува забава.



**ШКОРПИЈА -** Љубов делумни кавги и расправии, за оние во постојана врска и тоа се заради докажување и недоразбирања. Некој ќе се обиде и ќе посегне по вашата слобода на мислење, а тоа  ве иритира. Не брзајте туку објаснете, зошто да се жртвува нешто кое макотрпно сте го граделе со години? Родените од втората декада, ќе мора да почекаат

до почетокот на наредната година за да го остварат својот љубовен сон.



**СТРЕЛЕЦ -** Љубов  нема да бидете расположени за расправии со партнерот. Овој месец ќе бидете расположени за љубов. Страсни и заводливи, ќе ја користите максимално секоја понудена шанса. Значи опуштете се и уживајте во се она што ќе ви го донесе новото утро. Сите причини за среќа се на ваша страна.



**ЈАРЕЦ -** Љубов родените од првата декада ќе се стремат со сите сили да допринесат за топол дом  и хармонија во истиот. Родените во третата декада ќе продолжат да се мешаат во нечии животи, во забранети зони и ќе уживаат во ваквиот начин на задоволување на своите себични желби.



**ВОДОЛИЈА** - Љубов и самите знаете дека во убавите работи не постојат граници, особено во сексот. Затоа на ова поле така  ќе се однесувате.

Ќе посакате некоја мала авантура во периодот од втората половина на месецот која секако можете да си ја дозволите, но внимавајте да не биде тоа некој од вашата работна околина. Кон постојаниот партнер бидете доволно чувствителни, сензибилни и романтични.



**РИБИ -** Љубов слободните припадници се уште се во потрага по идеален партнер. Богат, убав  и паметен. А дали вие ги имате сите овие атрибути? Во моментот според вашето расположение и уверување вие би се задоволиле со партнер кој е богат. Оние во постојана врска ќе се посветат на семејството, а особено на потомството.



**во издание на:**

STAR

**подржано од:**

HOPS

Public Health Program
Sexual Health and Rights Project (SHARP)

Коалиција за заштита и промоција
на сексуалните и здравствените права
на маргинализираните заедници

SWAN